**20260040047**

## АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24, став 1, алинеја 5, член 29 став 3 и член 32 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015,11/2018, 21/2018, 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/24) а во врска со член 2 параграф 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и/или серии на броеви („Службен весник на Република Македонија" бр.161/2014), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 18.12.2025 година ја донесе следната

### ОДЛУКА

I

Се утврдува вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на броеви и /или серии на броеви за 2026 година, во износ од 1 евро во денарска противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето.

II

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се применува сметано од 1.1.2026 година.

III

Оваа одлука е конечна.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно со член 24, став 1, алинеја 5, член 29 став 3 и член 32 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/24), а во врска со член 2 параграф 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви („Службен весник на Република Македонија" бр.161/2014), вредноста на бодот за пресметка на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви се утврдува со одлука донесена од директорот на Агенцијата за електронски комуникации врз основа на годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2026 година, во рок од десет дена од денот на усвојување на годишната програма за работа и е изразена во евра во денарска противвредност пресметана по среден курс на Народна банка на Република Македонија на денот на фактурирањето. Годишната програма за работа на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година во чиј состав е финансискиот план на Агенцијата за 2026 година е усвоена од страна на Комисијата на Агенцијата по предлог на директорот на Агенцијата за електронски комуникации на ден 9.12.2025 година, како што е предвидено во член 11 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија" бр.39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/2015, 11/2018, 21/2018, 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/24). Финансискиот план за 2026 година содржи податоци за реализација на

планираните активности, планираните приходи и расходи на Агенцијата за електронски комуникации за 2026 година групирани по структура и по организациона структура на Агенцијата, како и предвидените капитални инвестиции на Агенцијата за 2026 година. Според усвоената годишна програма односно финансискиот план за 2026 година вкупните планирани приходи по основ на користење на доделени броеви и /или серии на броеви изнесува 55.000.000 денари. Вредноста на бодот е формирана врз основа на активните одобренија за користење на броеви и /или серии на броеви кои се планирани да се фактурираат во 2026 година, со што се планира да се реализираат планираните приходи по основ на годишен надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви. Врз основа на горенаведеното согласно на член 24 став 1 алинеја 5, член 29 став 3 и член 32 став 3 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015, 193/15, 11/2018, 21/2018, 98/2019, 153/2019, 92/2021 и 222/24), а во врска со член 2 параграф 2 од Правилникот за начинот на пресметка на годишниот надоместок за користење на доделени броеви и /или серии на броеви („Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2014) на предлог на Секторот за финансии и сметководство број 0501-2540/1 од 18.12.2025 година, директорот на Агенцијата за електронски комуникации ја донесе оваа одлука како во диспозитивот.

Бр. 0201-2540/2
18 декември 2025 година
Скопје

Директор,
**Јетон Акику,** с. р.